Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: Рурална Коалиција

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 6882102

Седиште и адреса (улица, број, општина): с. Режановце, општина Куманово

Застапник: Лилјана Јоноски

Веб страница: ww.rural.mk

Електронска пошта (e-mail): rkoalicija@gmail.com

Телефонски број за контакт: 078/303-735

Лице за контакт: Лилјана Јоноски

## Предлог- иницијатива
## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија
## за 2021 година

**Наслов на иницијативата: Подобрени законски решенија и мерки кои што влијаат врз конкурентноста и одржливоста на секторот земјоделство и рурален развој**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија) – **Земјоделска политика**

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Приоритетна цел: ОДРЖЛИВО И КОНКУРЕНТНО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО

За да се придонесе кон остварувањето на вака поставената цел се препорачува што е можно поскоро да се изработи **календар на објавување на јавни повици од интерес за земјоделските производители и руралното население, а потоа и соодветен календар за исплата**. При тоа се препорачува ваквиот календар да се изработка на почетокот на секоја календарска година веднаш по

донесувањето на програмата за рурален развој, како и програмата за директни плаќања за тековната година. Ваквата мерка ја предлагаме се со цел земјоделците навремено да може да се информираат за предвидените и планирани повици за тековната година, како би можеле соодветно да го планираат времето за подготовка на потребната документација за аплицирање на повиците. Дополнително, исплата на субвенциите да се врши врз основа на текот на производството на поеделните култури, па да се изработи календар на исплата на субвенциите во период кога на земјоделските производители истите ќе им бидат најпотребни. Исто така и аплицирањето за субвенциите да биде врз основа на претходно воспоставен календар во зависност од културата за која што се аплицира. Преку вака воспоставениот систем на аплицирање и исплата на субвенциите ќе се овозможи поддршката за земјоделците да им биде достапна во време кога истата им е најпотребна. И секако, исплаќањето на поддршката да биде навремено и за тековната година. Во однос на прашањето за субвенциите полека, но сигурно да започне да се применува принципот на развојни субвенции и промена на системот на исплата од килограм на исплата по хектар, а во меѓувреме секако преку едукација и мерки да се влијае на зголемувањето на квалитетот на земјоделските производи и нивната конкурентност на европските пазари.

Креирање на **гарантен фонд** кој што ќе ги обезбедува преостанатите 50% од Програмата за рурален развој и ИПАРД програмата. Ваквиот фонд веќе е предвиден во петгодишната програма за директни плаќања и рурален развој 2018-2023 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, па за истиот да се предвидат средства во буџетот на Министерството и Владата како би можел да отпочне со функционирање и ќе им овозможи гаранција на оние земјоделци кои што нема да бидат во можност веднаш да ги обезбедат средствата за да ја реализираат инвестицијата. На ваков начин исто така ќе се заштитат земјоделците од дополнителни трошоци за аплицирање за кредити од банки, високи каматни стапки итн., а ќе се зголеми и нивната сигурност и доверба за да аплицираат особено во делот на ИПАРД фондовите, што пак ќе значи и поголема искористеност на истите.

**Добрата земјоделска пракса** и покрај тоа што е воведена како задолжителна при аплицирањето за директни плаќања или за користење на друг вид на поддршка, истата на терен не се применува, а е почетната основа за создавање на земјоделско производство кое што ќе биде во насока на заштита на животната средина. Во исто време особено во рамките на делот за техничка поддршка од Програмата за рурален развој да се издвојат средства за едукација и материјали кои што ќе бидат насочени кон земјоделските производители и нивното справување со климатските промени, а примената на добрата земјоделска пракса да се стимулира и со одреден процент во доделувањето на субвенциите. Исто така добрата земјоделската пракса е основата за примена и на агро-еколошките мерки, па постепено преку оваа пракса да се воведуваат и агро-еколошките мерки кои што се особено значајни во делот на приближување на домашното земјоделско производство кон ЕУ стандардите.

Да се промовираат и дистрибуираат информации поврзани со **правилниците за олесенета продажба од куќен праг на производи од растително и животинско потекло** со што пак им се дава можност и на малите фарми и земјоделски семејни стопанства да станат одржлив агро-бизнис и на таков начин директно да се влијае кон креирањето на одржлив рурален развој. Со самите правилници, но и со воведување на мерки за поддршка на земјоделските стопанства кои што ќе се регистрираат согласно овие правилници се влијае и врз зачувување на традиционално производство, што пак меѓудругото е основа и за развој на руралниот туризам. Но традиционалното производство да биде со додадена вредност односно спакувано или полу-преработено затоа што Северна Македонија последниве години навистина бележи огромен пораст во извозот на свежо овошје и зеленчук, но исто така и огромен пораст на увозот на преработено или конзервирано овошје и зеленчук.

Кон одржливоста на помалите семејни земјоделски стопанства може да се придонесе и преку членот 45 од Законот за земјоделство и рурален развој, односно преку воведување на програма за **поттикнување на потрошувачката на свежо овошје и зеленчук** во училиштата и градинките од домашно локално производство. Дополнително тука би напомenале дека во Европската Унија веќе се спроведуваат вакви училишни шеми каде што децата од најмала возраст се учат како се одгледуваат земјоделските производи, од каде доаѓа храната, дел од истата и самите ја одгледуваат, а се со цел не само да се поттикне зголемената консумација на свежо овошје и зеленчук туку и самите деца да станат свесни од каде и како доаѓа таа храна. Во ваквите шеми освен децата и училиштата се вклучуваат родителите, општините, бизнис секторот итн.

**Зголемување на нивото на дигитална писменост кај земјоделците и руралното население** претставува уште еден предизвик на кој што треба да се работи особено во вакви кризни услови кога најголемиот дел од услугите, па и пазарите беа достапни електронски. Ковид кризата ни покажа дека секторот во овој дел е најмалку подготвен, па така од над 170.000 земјоделски стопанства само 10.000 аплицирале по електронски пат за доделување на субвенции, а гужви пред подрачните единици на Министерството за земјоделство беа забележани и при вадењето на дозволи за време на полицискиот час. Едукација, постепено воведување на електронски систем и на прибирање на документи и на аплицирање треба да бидат активностите со кои што треба да се отпочне во текот на 2021 година за да може да се отпочне и процесот на дигитализација на секторот.

Донесување на **законот за донирање на вишокот на храна** со соодветни буџетски импликации, како и изработка на стратегија за справување со вишокот на земјоделски производи. Примарното земјоделско производство е вклучено во рамките на предлог-законот за донирање на вишокот на храна, па токму поради тоа треба да се работи на негово донесување, но во исто време и на негова имплементација како и јакнење на свеста кај земјоделците за потребата од донирање, собирање на целокупното земјоделско производство, но со одреден фонд за надомест како би се покриле и минималните трошоци на земјоделецот за произведената храна.

Приоритетна цел: ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ

Да се донесе **Законот за советодавни услуги** во секторот земјоделство и рурален развој кој што е изготвен како предлог меѓутоа сеуште не е донесен, а се со цел да може да се обезбедат поквалитетни услуги кои што се даваат во секторот надвор и од државните служби затоа што особено во периоди на аплицирање државните служби се преоптоварени, па често се доведува во прашање и времето како и квалитетот на услугата која што му се дава на земјоделецот, а пак на таков начин во прашање директно се доведува и неговата инвестиција особено ако станува збор за ИПАРД мерките.

Да се воведат **родово-базирани индикатори** врз основа на кои што ќе се планираат и реализираат сите мерки и јавни повици, како и да се зголеми буџетот за мерката 115 од Програмата за рурален развој за финансиска поддршка на жените носителки на семејните земјоделски стопанства. Дополнително во насока на зголемувањето на родовата еднаквост во руралните средини да се направи усогласување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со Законот за работни односи, Законот за здравствено осигурување и Законот за вршење на земјоделска дејност и да се определи еден основ по кој што ќе може да се регистрираат жените како индивидуални земјоделки со целосно платени придонеси и користење на сите права кои што им следуваат бидејќи во моментов индивидуалните земјоделки кои што не се регистирани како фирма немаат можност да користат породилно отсуство што е голема дискриминација кога станува збор за жената на село, а сето тоа поради различните форми и начини на кои што може да се регистрираат. Или пак, ако жената е

корисник на субвенции да не може да зема надомест за породилно боледување поради неусогласеноста на законската регулатива.

**Законско регулирање на работната сила на сезонските работници** во секторот земјоделство и рурален развој кои што сеуште влегуваат во делот на сивата економија, преку зголемување на флексибилноста во Законот за работни односи, користење на позитивни стимулативни пракси и мерки за што доколку е потребно може да се вклучиме и со детални препораки и анализи, како и со сопствен придонес итн.

**Законско регулирање на руралниот туризам** со посебна глава во рамките на Законот за земјоделство и рурален развој или пак со донесување на ново законско решение, а се со цел издвојување на руралниот туризам како посебна гранка на туризмот кој што ќе влегува во делот на руралниот развој, а не како што е во моментов каде што законски истиот не се разграничува од останатите видови на туризам кои што влегуваат во ингеренциите на Министерството за економија затоа што на таков начин ефект нема, а природната негова определба и инвестиција влегува токму во делот на руралниот развој, што се докажува и со мерката 302 од ИПАРД каде што се прифаќаат меѓудругото и инвестиции во рурален туризам. Дополнителното законско решение треба да ги одреди спецификите врз основа на кои што ќе делува и ќе се регулира овој вид на туризам, а кои што во моментов ги нема. Да се создаде овозможувачка средина за развој и промоција на руралниот туризам преку посебна стратегија која што ќе ги даде генералните насоки за развој на оваа гранка.

Да се направат измени во Законот за земјоделство и рурален развој во делот на **социјални и економски партнери**, како и ограничувањето со 1000 членови кои што треба да бидат обезбедени за да едно здружение може да стане економски партнер на Министерството за земјоделство и да може редовно да учествува во сите форми на соработка и креирање на мерки и политики во секторот. Да се зголеми финансиската поддршка за здруженијата во секторот, но и истата да не биде ограничена само на организирање и спроведување на манифестации туку да се поддржува и програмското работење на здруженијата.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**Предложените измени и активности се однесуваат на Поглавјето 11 – земјоделство и рурален развој**, како и на поглавје 20 – индустриска политика кога станува збор за регулирање на руралниот туризам како дел од севкупниот туризам кој што пак како гранка е распределен во поглавје 20, додека пак родовата еднаквост се јавува како хоризонтална тема, а како човеково право влегува и во поглавје 23 – Правосудство и темелни права.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Претходно во рамките на самите предлози точно е напоменато на кои законски решенија се однесува секој од предлозите или пак таму каде што е потребно донесување на нов закон точно е напоменат називот на законот, а речиси сите се под надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Подобро организирано, модерннизирано, родово-сензитивно конкурентно земјоделско производство, како и придонес кон создавање на одржлив рурален развој е главната цел кон која што ќе се влијае преку реализацијата на предложените иницијативи.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Финансиски импликации има во секоја од предлог иницијативите. Дел од средствата се веќе обезбедени во тековните програми, дел се планирани, а дел ќе треба да се обезбедат од Националниот буџет, односно од буџетот предвиден за секторот земјоделство и рурален развој.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Рурална Коалиција – Истражување на земјоделските законски решенија и процентот на нивната имплементација

Центар за истражување и креирање на политики – Анализа на сезонската работна сила во секторот земјоделство и рурален развој

Рурална Коалиција – Ковид 19 и секторот земјоделство и рурален развој, Родот и Ковид 19 итн.

Потпис на застапникот

23.09. 2020 година ------------------------------

.М.П.